РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
СЛАВКО ЛУМБАРКОВСКИ
Бр. 01-583/3
31 12 2018 год.
НОВАЦИ

Архивски знак 0102
Рок на чување Трајно
31.12.2018 година

ООУ „Славко Лумбарковски“ – Новаци

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ**

**од извршената самоевалуацијата на училиштето**
**ноември – декември 2018 год.**

## *1.Чекори во процесот на самоевалуација*

***1.1 Цел на евалуацијата, прецизирање на целите***

- анализа на постоечката сосотојба во училиштето (разгледување на фактите од различни аспекти)
- дефинирање на целта на самоевалуацијата (јасно формулирање, мерлива и релевантна)
- реалиазатори (директор, пом. директор, одделенски совет, стручни активи, училишен одбор, совет на родители и други органи во училиштето)

***1.2 Именување на Комисија за самоевалуација***

-именување на тимови по подрачја од страна на директорот на училиштето

***1.3 Изработка на акционен план за самоевалуација каде се дефинирани:***

- подрачјата и индикаторите на квалитет кои ќе се вреднуваат
- подиндикатори (показатели) на квалитет

- методи и техники на самоевалуација
- инструменти за прибирање на податоци
- начин на прибирање на податоците и нивна обработка
- пишани извештаи
- изработка на акциони планови
- изработка на развоен план

***1.4 Процес на самоевалуација***.

-Комисијата за евалуација го води процесот на самоевалуација, воспоставува рокови на реализација.

***1.5 Анализа на добиените резултати***

-Комисијата за евалуација врши анализа на добиените резултати.

***1.6 Изработка на акционен план***

-Изработка на акционен план за унапредување на сопствената работа кој план ќе послужи за дополнување или корегирање на Развојниот план на училиштето.

***1.7 Изработка на развоен план***

-Изработка на развоен план за унапредување на сопствената работа кој план ќе послужи за дополнување или корегирање на развојниот план на училиштето.

-Со развојниот план да се предвидат ресурсите за реализиција на планираните активности, како и детален временски план за нивна реализација.

## 2.Фази на самоевалуацијата

2.1 Анализа на постоечката состојба на училиштето

2.2 Избор на клучни подрачја (индикатори и подиндикатори) кои ќе се вреднуваат

2.3 Согледување на постоечката состојба во подрачјата кои ќе се вреднуваат

2.4 Воочување на јаките и слабите страни во работата на училиштето во избраните подрачја

2.5 Изработка на план за отстранување на воочените слабости

Изборот на подрачјата и индикатори кои ќе се самовреднуваат може да се изврши врз основа на проценка и иницијатива на директорот, наставничкиот совет, стручните активи, совет на родители... и на основа на надорешна евалуација ( увиди и посети од БРО, интегрална евалуација...)

## 3. Временска рамка за процесот на самоевалуација

| Активности | Време на реализација |
|---|---|
| • Состанок на Комисијата за самоевалуација и координаторите на тимовите по подрачја | почеток на ноември |
| • Изработка на прашалниците за самоевалуација,<br>• Состанок со Комисијата (анализа на прашалниците) | 12 до 20-11-2018 |
| • Реализација на анкетните прашалници од сите подрачја | 20 до 30-11-2018 |
| • Обработка на податоците од анкетните прашалници од сите подрачја | 01 до 10-12-2018 |
| • Предлог рамка за самоевалвација - состанок | 10 до 20-12-2018 |
| • Конечна самоевалуација | 20 до 30-12-2018 |
| • Развојно планирање<br>• Акциски планови | јануари, февруари 2019 |

Изборот на подрачјата и индикатори кои ќе се самовреднуваат може да се изврши врз основа на проценка и иницијатива на директорот, наставничкиот совет, стручните активи, совет на родители... и на основа на надорешна евалуација ( увиди и посети од БРО, интегрална евалуација...)

Комисијата што работеше на самоевалуацијата на училиштето, раководејќи се според различните извори на информации, собраните податоци, статистичкиот и наративниот извештај, клучните индикатори за квалитет по подрачја:

- **Наставни планови и програми**
- **Постигнување на учениците**
- **Учење и настава**
- **Поддршка на учениците**
- **Училишна клима и односи во училиштето**
- **Ресурси**
- **Управување, раководење и креирање политика**

ги оцени со описната оцена **многу добро**.

Од активностите произлегоа **предлог мерки за подобрување на квалитетот на наставата**, односно **приоритети** по подрачја:

| ***Број*** | ***Подрачје*** | ***Приоритети*** |
|---|---|---|
| 1. | **Наставни планови и програми** | • Предност да се даде на активното учење, истражувачкиот пристап во учењето преку воннаставни активности и подобрување на условите на работа со нагледни средства.<br>• Меѓупредметната корелација да биде повеќе застапена со цел наставните содржини преку интегрирани часови се поврзат по хоризонтала и вертикала во планирањата на наставниците. |
| 2. | **Постигнување на учениците** | • Мотивираноста на учениците е во раст, но сè уште не е на посакуваното ниво.<br>• Мал дел од родителите доволно не соработуваат со одделенскиот и |

| | | |
|---|---|---|
| | | раководителот на паралелката, стручната служба и докрај не ги изнесуваат проблемите на своите деца (затвореност за потешкотиите и проблемите)<br>• Мотивирање на родителите на учениците за поголема соработка со училиштето во поглед на следењето на постигањата. |
| 3. | **Учење и настава** | • Подобрување на соработката на ниво наставник – стручна служба.<br>• Поголемо учество на родителите и учениците при решавањето на некои проблеми и донесувањето на некои одлуки во корист на нашето училиште.<br>• Подобрување на условите за употреба на ИКТ на часовите и другите активности<br>• Потреба од мобилен логопед во училиштето.<br>• Изнаоѓање нови пристапи за поголема заинтересираност и соработка со родителите на послабите по успех и проблематични со дисциплина ученици. |
| 4. | **Поддршка на учениците** | • Поголема вклученост на родителите во работилниците кои се реализираат за насилничко однесување, информирање и спречување на заразни болести.<br>• Спортска опрема и простор за изведување на спортски активности за учениците со посебни потреби.<br>• Поголема хигиена во тоалетите и санитарните јазли на учениците. |

| ***Број*** | ***Подрачје*** | ***Приоритет*** |
|---|---|---|
| 5. | **Училишна клима и односи во училиштето** | • Училиштето да ги поттикнува и наградува учениците кои континуирано постигнуваат одличен успех.<br>• Родителите се делумно запознати со содржината на училишниот кодекс.<br>• Да се зголеми соработката меѓу наставниците при работата на проекти, работилници и обуки.<br>• Родителите не се доволно вклучени во активностите со кои би се подобрил мултикултурализмот.<br>• Инсталирање на разгласна станица во училиштето. |
| 6. | **Ресурси** | • Училиштето треба да набави повеќе наставни средства и помагала за наставниците.<br>• Учениците сметаат дека дел од наставниците не користат наставни средства и помагала и дека во училиштето нема доволно технички средства (компјутери, |

| | | |
|---|---|---|
| | | проектор, микроскопи, CD) со кои се олеснува учењето на учениците.<br>• Наставниците имаат потреба од обука за работа со деца со посебни потреби и потешкотии во учењето.<br>• Родителите сметаат дека финансиското работење на училиштето е транспарентно и добро. |
| 7. | **Управување, раководење и креирање политика** | • Наставниците секогаш не работат како тим во рамките на стручите активи.<br>• Поголем број на интерни обуки од релевантни институции за професионален развој на наставниот кадар. |

**Комисија за самоевалуација на училиштето**

1. **м-р Илче Соклевски – директор**
2. **Татјана Талевска – помошник на директорот за раководни и педагошки работи**
3. **м-р Пецо Ројковски - педагог**
4. **Билјана Стојановска – пред. наставник**
5. **Ирена Поповска Талевска – претседател на Советот на родители**